1978

# ЦРТЕЖИ ГРАФИКИ ЦРТЕЖИ ГРАФИКИ

**КОЧОВСКИ * ПЕТРОВ * КОЧЕВСКИ КОЧОВСКИ * ПЕТРОВ * КОЧЕВСКИ ПЕТРОВ**

**уметничка галерија „моша пијаде“ битола**

**КОЧОВСКИ * ПЕТРОВ**

**7 - 18 - III - 1978.**

## ИЛИЈА КОЧОВСКИ

За Илија Кочовски се чини дека темата, инспирацијата сама за себе не е она што го привлекува неговото творечко интересирање. Крајниот резултат, колку уметникот успевал врз темата, мотивот и инспирацијата да вдахне нешто од себе, од своите немири и чувства, колку цртежот го направил сензуално да трепери во својот немир — тоа е она што го привлекува. Се чини дека Кочовски повеќе трага кон изразот и дека повеќе со помош на изразот успева да ги облагороди мотивите, да им даде виталност која е присутна во секој дел на неговите цртежи. Цртежот кај него е еден од основните предуслови за создавање слика, уметничка проекција на доживеаното. Меѓутоа, автономијата на цртежот како слика е спасена доколку тој е потчинет автентично и целосно да го опфати доживеаното и почувствуваното. А тоа е случај речиси со сите цртежи на Кочовски.

Онаму каде што цртежот не е во функција целосно да го пренесе уметниково трагање и барање, тоа се постигнува со умешно остварените колоритни површини, кои само го интензивираат пријатното доживување на креативната проекција, која кај овој уметник се нуди со сета своја убавина и динамичност. Цртачката монохромност освежена колорисички често е во симбиоза со полихромно акцентираната доминација, под која секогаш се наоѓа автохтоното кое извира како единствено можно видување на светот.

## ПАНДЕ ПЕТРОВ

Индивидуата претставува микрокосмос во кој се одигруваат непрекинато значајни промени, кои најчесто се манифестираат и надворешно. Овие промени се проследени со бројни ситуации и состојби, што даваат можности за откривање на цела низа немири што го потресуваат човекот. Панде Петров своето креативно внимание овојпат го насочи токму врз промените што се одигруваат во органската материја, во човекот, во крвта, кожата, коските. Затоа на неговите цртежи можеме да откриваме цели микрокосмоси, посебни светови кои се одигруваат, гинат или опстојуваат понекогаш во тесна зависност, а понекогаш независно од надворешниот свет. Но, секогаш таквите промени се оние сили што ги движат чувствата, стремежите, копнежите и другите психички манифестации што ги доживува личноста.

Таа сокриена видливост и реалност Петров успева да ја пренесе со помош на цртежот и тоа го прави на уметнички начин, кој освојува со својата привлечност, сигурност и трајност. Овој немирен ликовен творец, чиниш, е во постојано трагање да се навлезе во суштината на материјата, да се анализира процесот што ја менува, да се дофатат оние внатрешни облици и форми за кои навремено успешно зборуваше А. Фосион. Од таа таинственост, полна со асоцијативни подавања, Петров мајсторски доловува грст вистини за внатрешните потреси и процеси на материјата.

## ДИМИТАР КОЧЕВСКИ — МИЧО

Во творечкото трагање на Кочевски човекот и натаму останува централна тема и инспирација. Основа на неговиот ликовен израз, на неговата ликовна проекција- останува човекот со сите негови стремежи и копнежи, па тоа креативно посегнување кон дилемите на личноста на уметникот му дава можности за едно автентично видување на човекот. Душевниот немир на современиот човек Кочевски ни го проектира со силен уметнички израз, со сигурна експресија на линијата и површината, кои кај него суштествуваат во една можна и податлива симбиоза. Под тоа единство на линијата и површината се откриваат творечки уметников израз и немир и немирот на човекот.

Има нешто исконско во човекот да се свртува постојано кон себе и никогаш да не биде докрај свртен, докрај да ја открие тајната на сопствената егзистенција. Таа примамлива податливост никогаш докрај неподадена отсекогаш ги привлекувала уметниците. Кон неа посегнува и Димитар Кочевски — Мичо. Посегнува за да оствари една животна ситуација која се ткае навидум скришно околу судбината на човекот, но која знае да се разголи пред добро упатениот гледач и да проговори за еден силен немир и еден потресен копнеж кои се симбиозно присутни како сведоштво за неповратното човеково врвење низ времето и просторот. Овој квалитатив кај Кочевски е една од најимпресивните компоненти што му даваат вредност на неговото сликање.

Доне **ПАНОВСКИ**,
литературен критичар

ИЛИЈА КОЧОВСКИ
академски сликар



Роден 1945 год. во Битола. Ги завршил Училиштето за применета уметност во Скопје и Академијата за ликовна уметност во Белград 1973 год.
Живее и работи во Битола: Солунска 179
Самостојни изложби:
Битола 1973, 1975 (со Д. Кочевски)
Позначителни групни изложби:
Учествува на сите ликовни манифестации во Битола редовно од 1967 год. Во Белград 1973. „Диплома 73" и 1974. Војници — ликовни уметници. Во Скопје: 1977. Современа македонска уметност — Млада генерација III и 1977. Младите и творештвото.

1. актови — јаглен
2. женско тело — бакропис
3. женско тело -„-
4. портрет — хемиски молив
5. портрет на девојка -„-
6. осаменост — туш и пастел
7. човек и птица — туш и пастел
8. ѕид — молив
9. мајка — пастел
10. дама — пастел туш

ПАНДЕ ПЕТРОВ
Илинденска 7, Битола

Завршил Педагошка академија — ликовна група во Скопје 1963 год.
Од 1974 е член на ДЛУБ.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Битола:
1959
1967 („Низ орнаментите на македонскиот народен вез")
1968 дел од изложбата беше пренесен во Крањ
1969 изложба на слики во „Битолатекс"
1970 („битолчани низ карикатури")
1976 („ПЕЈЗАЖИ") во чест на 8 Март.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Битола: На традиционалните изложби на Битолските ликовни уметници — 1964, 1965, 1966, 1967, 1968, 1969, 1970, 1971, 1972, 1973, 1974, 1975.
1975 изложба на ДЛУБ
1976 колекција на галеријата во повеќе организации на здружен труд од Општината.
Штип: 1966
Куманово: 1969
Скопје: 1976

НАГРАДИ

1972 Втора откупна награда за делото „Епилог на едно растење".
1973 Признание за редовно и успешно учество на традиционалните изложби на Битолските ликовни уметници.

1 — Молекуларна експанзија
2. — Распливнување на супстанцијата
3. — Минијатурни варијации за создавањето на ткивото
4. — Вертикален пресек на една симбиоза
5. — Од циклусот „Срцевини" — I
6. — Од циклусот „Срцевини" — II
7. — Визија за мождината
8. — Вториот степен на процесот
9. — Размножување на елементите
10. — Метаморфозни превирања на материјата
11. — Создавање на соединението
12. — Постојано преобразување
13. — Имунитетно дејствие
14. — Последен стадиум на расплетот



КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
академски сликар

П. Божиновски 46/II - 7 Битола
Роден 1943 г. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1968 г.

САМОСТАЛНИ ИЗЛОЖБИ

1971 — Битола
1973 — Битола (со И. Кочовски)
1974 — Битола
1975 — Битола (со И. Кочовски)

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Од 1967 год. учествува на ноемвриските изложби во Битола.
Од 1973 учествува на изложбите на ДЛУМ.
1974. Кралево „Спомен парк — Краљево"
1975. Скопје „Жената како инспирација на уметникот".
— Битола „II триенале на современата југословенска графика"
— Скопје „ДЛУМ ЦРТЕЖ 75"
1976. Белград „НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија"
— Скопје VII графичка изложба на ДЛУМ
— Битола „Мајска изложба на ДЛУ — Битола
1976. Скопје „ДЛУМ — ЦРТЕЖ 76"
1977. Битола „Мајска изложба" ДЛУ — Битола
— Скопје „Млада генерација" III
1977. Скопје „ДЛУМ — ЦРТЕЖ 77"
1977. Скопје „Младите и творештвото"

Награди:
Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на изложбата „ДЛУМ — ЦРТЕЖ 75".

1 — Пред огледало — комб. техника
2 — Неизвесност - „ -
3 — Жена - „ -
4 — Дете - „ -
5 — Каде е крајот — пастел
6 — Кон целта — линорез
7 — Проба — линорез
8 — Сејавање — туш
9 — Одмор III — сериграфија
10— Портрет — сериграфија



галерија
на современа
југословенска
графика
битола

опрема на каталог К. Д — МИЧО